Прилог бр.3		**Предметна програма од трет циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	ФУНКЦИОНАЛНА ОКЛУЗИЈА ВО СТОМАТОЛОШКАТА ПРОТЕТИКА			
2.	Код	ДССП7			
3.	Студиска програма	Трет циклус студии – докторски студии по стоматологија на Стоматолошки факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје **Катедра за стоматолошка протетика**			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Трет циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	1	семестар	2
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	6			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	**Одговорен наставник Проф. Д-р Анета Мијоска,** Проф. Д-р Јадранка Бундевска, Проф. Д-р Наташа Ставрева, Проф. Д-р Надица Јанева			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	/			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Целта на предметната програма е да им обезбеди на студентите сеопфатни знаења за основите на оклузијата, темпоромандибуларните нарушувања и нивната клиничка примена во протетичката рехабилитација. Студентите ќе можат да идентификуваат и анализираат основни оклузални принципи и ќе стекнат компетенции за дијагностицирање, планирање и изведба на протетички реставрации базирани на функционална оклузија, користејќи и современи технологии и дигитални системи за регистрација и анализа.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	1.Поглавје – Основи на оклузија и темпоромандибуларни нарушувања Пристапи кон оклузијата во секојдневната стоматологија; Оклузални принципи и релевантност на оклузијата; Дијагноза на орофацијалната болка; Оклузаална болест - знаци и симптоми, основни механизми за деформација на забните површини; Одредници на оклузијата; Дизајн			

		на џвакален систем; Барања за успешна оклузална терапија ..... 3 часа Анатомија и патофизиологија на темпоромандибуларниот зглоб (ТМЗ); Анатомија на ТМЗ (темпорална компонента, мандибуларен кондил, зглобна капсула, артикуларен диск, инервација и лубрикација на ТМЗ); Движења на кондилот, ротација наспроти транслација, 0птоварување на зглобот; Патофизиологија на ТМЗ ..... 3 часа Движење на долната вилица и нејзина контрола; Мускули на вилицата и движење на вилицата; Компоненти на централниот нервен систем во создавање и контрола на движењата на вилицата; Класификација на движења на вилицата: доброволни движења, рефлексни движења, ритмични движења; Основни мандибуларни движења, центар на ротација на вилицата; Џвакални движења на вилицата; Движење на кондилот и дискот ..... 3 часа Евалуација на оклузалните форми и клиничка специфичност; Контакт на забите и позиции на вилицата; Оклузални односи, оклузија и темпоромандибуларни нарушувања, терапевтски оклузии; Гранично движење (Дијаграм на гранично движење на Поселт); Предно или латерално водство; Канинско водство, дистално водство, мезијално водство; Балансни контакти или интерференции; Скратен забен лак ..... 3 часа Оклузална дијагностика за планирање на третман; Клиничка оцена на оклузијата, ретрудирана контактна позиција, медијална оклузална позиција, латерално водство на заби; Парафункционално абење на забите; Оклузална анализа, клинички знаци; Провокациони тестови - провокационен тест за ТМЗ, провокационен тест за вилични мускули ..... 3 часа Артикулатори, пренос на податоци и студио модели; Образни лакови, оклузални регистрати, динамични регистрати; Студио модели; Избор на артикулатор (едноставен шарнирски артикулатор, артикулатор со средни вредности, полу-прилагодлив артикулатор, целосно прилагодлив артикулатор) ..... 3 часа Нарушувања на ТМЗ поврзани со оклузијата; Нарушувања на дискот со интерференција и менаџмент; Трауматски нарушувања на ТМЗ: акутна дислокација, хемартроза, фрактури на кондил; Дегенеративни нарушувања на ТМЗ: епидемиологија, етиологија, дијагноза и управување; Оклузални нарушувања при ревматоиден артритис : дијагноза и третман; Други нарушувања на ТМЗ ..... 3 часа Нарушувања на мускулите на вилицата; Епидемиологија и етиологија; Функционална анатомија и физиологија на мускулите на вилицата, затворање на вилицата и сила на загризување, отворање на вилицата и хоризонтални движења; Болка во мускулите на вилицата, типични симптоми и патофизиологија на болката; Анамнеза и клинички преглед; Класификација на нарушувањата и третман на мускулната болка ..... 3 часа *Резултати од 1 поглавје: Студентите ќе стекнат знаења за основните концепти на оклузија и нејзиното влијание врз функцијата и здравјето на темпоромандибуларниот зглоб, вклучувајќи дијагноза, патофизиологија и третман на оклузални нарушувања. Ова ќе им овозможи компетенции за идентификација на оклузални аномалии, проценка на движењата на долната вилица и спроведување на соодветни оклузални терапии и интервенции.* 2.Поглавје - Клиничка примена на оклузијата и современи технологии Оклузија и пародонтално здравје; Здрави пародонтални структури и оклузални сили; Подвижност и проценка на подвижност на заби, етиолошки фактори; Типови на оклузални сили; Примарна и

		секундарна оклузална траума; Миграција на заби; Клинички заклучоци и насоки ..... 3 часа Оклузија и принципи на орална имплант реставрација; Физиолошки аспекти на функцијата на оралните импланти; Контрола на мастикација, просторна контрола на мастикаторни сили, регулирање на јачина на сили; Осеоперцепција; Имплантна терапија и шеми на функционално оклузално оптоварување, насоки за минимизирање на неповолни обрасци на оптоварување; Дизајн на супраструктура; Дизајн на оклузални површини и оклузална шема; Клинички менаџмент при рехабилитација со импланти ..... 3 часа Оклузија и фиксни протетички реставрации; Значење на поставување на контактни точки при фиксно протетички реставрации, форма на заби која поддржува функција, абразија на заби, латерално дентално водство, центрична позиција, воспоставување на оклузална рамнина ..... 3 часа Оклузија и мобилни протетички реставрации; Парцијални протези: планирање за парцијални протези, оклузални пристапи, оклузална анализа; Тотални протези: оклузија, оклузална вертикална димензија, балансирана оклузија и артикулација, канинско водство, лингвализирана оклузија ..... 3 часа Оклузални сплинтови и управување со оклузијата; Сплинтови и мускулна и зглобна болка ..... 3 часа Превентивна и корективна оклузија; Концепти на превентивна оклузија: идентификација на ризични фактори за оклузални нарушувања; Стратегии за спречување на траума од оклузија, начини за корекција на оклузални нарушувања во рани фази; Корективни техники: оклузални адаптации, репозиционирање на кондилот, техники за редукција на оклузални интерференции; Клиничка примена на корективна оклузија при протетички и имплант-протетички третман ..... 3 часа Современи технологии за дигитална оклузија; Примена на дигитални скенери за регистрација на оклузални контакти и анализирање на џвакални движења; CAD/CAM системи за изработка на оклузални сплинтови и протетички конструкции со прецизна оклузија; Виртуелни симулации и 3Д анализи за предвидување на ефектите од оклузалните корекции и протетички реставрации ..... 3 часа *Резултати од 2 поглавје: Студентите ќе развијат напредни знаења за клиничката примена на оклузијата во протетичката стоматологија, вклучувајќи имплантопротетика, парцијални и тотални протези, оклузални сплинтови и корективна терапија. Дополнително, ќе се стекнат со компетенции за примена на дигитални технологии за регистрација, анализа и изработка на протетички конструкции со оптимизирана оклузална шема.* Вкупно .....45 часа		
13	Заемна поврзаност на предметите	Зглобно-вилични пореметувања		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	- Презентација на методските единици од страна на професорот; - Дискусија на часовите за методските единици; - Дискусија на студентите со професорот за најновата литература поврзана со содржините на предметот.		
15.	Вкупен расположив фонд на време	180 часа		
16.		16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	45

	Форми на наставните активности	16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	30
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	20
		17.2.	Самостојни задачи: часови	25
		17.3.	Домашно учење - задачи	60
18	Услови за потпис	Редовно присуство на теоретската настава и изработка на семинарски труд.		
19	Начин на оценување			
	19.1.	Тестови: бодови	40	
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови	20	
	19.3.	Завршен испит: бодови	40	
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)	до 59 бода	5 (пет) (F)	
		од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)	
		од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)	
		од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)	
		од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)	
		од 93 до 100 бода	10 (десет) (A)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Самоевалуација од страна студентите, проодноста на студентите кои го положиле предметот, редовни состаноци на наставниот кадар за преглед на успешноста и идентификација на подобрувања, надворешна евалуација.		

22.

Литература

22.1. Задолжителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Љубен Гугувчевски	Оклузија	Еин – Соф	1997
2.	Весна Коруноска Стевковска	Принципи на оклузија во стоматолошката протетика		2013
3.				

22.2. Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Iven Klineberg, Steven E. Eckert	Functional Occlusion in Restorative Dentistry and Prosthodontics	Elsevier, Mosby	2016
2.	Peter E. Dawson	Functional Occlusion: From TMJ to Smile Design	Elsevier, Mosby	2007
3.				